# Г О Д И Ш Е Н   И З В Е Ш Т А Ј

## ЗА РАБОТА НА СОУ
## „КРСТЕ ПЕТКОВ МИСИРКОВ“

## ДЕМИР ХИСАР

## ЗА УЧЕБНАТА 2023/2024 ГОДИНА

**Август, 2024**

**ЛИЧНА КАРТА НА УЧИЛИШТЕТО**

**ИДЕНТИФИКАЦИОНИ ПОДАТОЦИ ЗА УЧИЛИШТЕТО**

| | |
|---|---|
| **Адреса** | **ул. „Гоце Делчев“ б.б. Демир Хисар** |
| **Телефон/факс** | **Тел: 047 276 431 тел/факс: 047 276 711** |
| **Web страна** | http://www.kpmisirkov.edu.mk |
| **e-mail адреса** | **sou.kpmisirkov@gmail.com** |

## Карта за локација на училиштето



## 1. ВОВЕД

Годишниот извештај претставува документ кој содржи важни информации за оценка на работата на училиштето и реализацијата на Годишната програма за работа на училиштето, во учебната 2023/2024 година.

Тој во суштина писмено ја изразува ангажираноста на училиштето (директорот, стручните соработници, наставниците, учениците и родителите) во остварувањето на дејноста на училиштето. За голем дел информации во овој извештај, училиштето располага и со дополнителни прилози (фотографии, извештаи и сл.).

Во Годишниот извештај за работа на училиштето се опфатени сите реализирани планови за работа на училиштето за тековната учебна година. Во извештајот се утврдуваат местото, времето, начинот и носителите на планираните програмски содржини, цели и активности, реализациија на редовни и изборни содржини, програми и активности, проектни активности, СПУ, дополнителна настава, додатна настава, воннаставни активности, културни и јавни манифестации, здравствено-социјална и еколошка заштита на учениците, како и други специфични активности што ќе се остваруваат во интерес на учениците.

### 1.1 Историјат на училиштето

СОУ „Крсте Петков Мисирков“ Демир Хисар, основано е како Општа гимназија со Решение на Министерството за образование на РМ од 1975 година. Низ годините се воведувале и менувале повеќе струки од четиригодишно и тригодишно средно стручно образование, како што се: рударска, економска, текстилна и машинска струка, рударски работник и бравар.

Покрај реформираното гимназиско образование, од учебната 2005/06 година добиена е верификација за шумарско-дрвопреработувачка струка со профил техничар за шумарство и пејзажна архитектура. Со реформите во средното образование од учебната 2019/20 година, решението за верификација на шумарско-дрвопреработувачката струка се менува со профилот шумарски техничар, а секторот е шумарство и обработка на дрво. Од истата учебна година во оваа струка се реализира настава со модуларно планирање на наставните содржини. Од учебната 2021/22 година, наставата во Шумарско-дрвопреработувачката

струка во прва година се реализира според програма за дуалното образование, односно со зголемен број на часови за практично образование, со потпишан меморандум за соработка со партнер компанија – ЈП Национални шуми, Подружница Бигла Демир Хисар.

Од учебната 2020/21 година, во СОУ„Крсте П. Мисирков“ Д. Хисар се воведува уште една струка, а тоа е Електротехничката струка, со профилот Електротехничар за компјутерска техника и автоматика, а од учебната 2023/24 година, наставата во електротехничката струка во прва година се реализира според програма за дуалното образование, односно со зголемен број на часови за практично образование, со потпишан меморандум за соработка со партнер компанија – АД ЕСМ, РЕК Битола. Оваа учебна година заврши првата генерација матуранти од оваа струка.

### 1.2 Училишен простор и опрема

Просторниот капацитет на училиштето задоволува и се користи непречено. Училишниот објект (тврда градба, армирано-бетонска конструкција) датира од 1989 год. со површина од 2391 м2. Училиштето има соодветни училници (14), заеднички простории и санитарни простории, спортски терени (3). Површината на спортските терени и игралишта е 1355 м2. Заедничките простории се користат максимално и ги користат сите членови во училиштето. Простории за воспитнообразовна дејност се: просторија за наставници, просторија за директор, просторија за администрација, просторија за психолог (стручен соработник), просторија за одговорен за настава, просторија за библиотекар, сала за состаноци. Површината на училишниот двор е 9800 м2 и истиот е убаво хортикултурно уреден.

Во училиштето има 2 опремени кабинети (информатика и електротехничка струка)/ Опременост на училиштето со технички помагала т.е. наставни средства по кабинети е: печатари 21, 1 скенер, 3 графоскопи, 3 LCD/TV приемник, 1 ТВ Приемник, разгласна станица, фотокопири 2, ЛЦД проектори 4, лаптоп компјутери 36, 45 десктоп компјутери, 7 табли за интерактивна настава (СМАРТ ТАБЛИ), 13 бели магнетни табли, микроскоп со мострi, фотоапарати 3, 1 видео камера, видео надзор (8 камери со ноќно снимање со хард диск), пијанино, штафелаи, карти, историски и географски карти, постери, глобуси, касетофони, периоден систем, топки (футбал, ракомет, кошарка, одбојка), греда, разбој, два коша, 1 пинг-понг табла, дресови за учениците (за две екипи), опрема за професорите по спорт и други помагала.

### 1.3 Мисија на училиштето

*„Училиштето се стреми кон тоа да ја доведе интелектуалната и физичката, а пред сè моралната вредност на учениците до највисоката скала, а со тоа тие да дадат најголем можен придонес за себе и за другите во општеството во кое живеат“.*

### 1.4 Визија на училиштето

*„Во свет и време кога толку многу информации ни се дадени како на дланка, игноранцијата е сопствен избор. Но, нашето училиште и нашите ученици ќе бидат дел од оние кои секогаш се стремат да научат повеќе и да го надградат своето знаење“.*

### 1.5 Општи цели кои се реализирани и образложени во Годишниот извештај

- Промоцијата на добросостојбата на учениците, заштита од насилство спречување на дискриминација,
- Професионална ориентација на учениците,
- Меѓуетничка интеграција и заедннички ученички иницијативи,
- Инклузивни практики,
- Соработка со родителите односно старателите,
- Активности за заштита на животната средина,
- Културни активности на училиштето;
- Учество во проекти;
- Соработка со други образовни институции од земјата и странство.

### 1.6 Излезни образовни профили

Во училиштето се образуваат и оспособуваат кадри за следниве насоки/профили/струки:

**-Гимназиско образование**

**- Стручно образование**

- **Сектор: Шумарство и обработка на дрво**

***<u>четиригодишно образование, профил: Шумарски техничар</u>***

- **Сектор: Електротехника**

***<u>четиригодишно образование, профил: Техничар за компјутерска техника и автоматика.</u>***

Во учебната 2023/24 година, наставата во СОУ „Крсте П. Мисирков“ ја следеле вкупно 125 ученици, и тоа: 37 ученици во прва година, 28 ученици во втора година, 36 ученици во трета година и 24 ученици во четврта година, или вкупно 24 ученици во гимназиско образование, 60 ученици во електротехничката струка и 41 ученик во шумарско-дрвопреработувачката струка. Значи, вкупно 125 ученици, од кои 77 машки и 48 женски.

Во четврта година од 24 редовни ученици (4 во гимназиско и 20 во стручно образование), 23 се пријавиле да полагаат државна матура а еден ученик се пријавил за училишна матура. Во јунскиот испитен рок, 9 ученици не го положиле испитот по англиски јазик, поради тоа полагаа повторно во августовскиот испитен рок. Од тие 9 ученици, 8 го положиле испитот, 1 ученик не го положил и е во постапка за приговор. Останатите ученици положија државна матура и училишна матура во јунскиот испитен рок. Од вонредните ученици 2 се пријавиле за полагање државна матура и 1 за завршен испит и сите положиле. (прилог 1 - список на ученици кои полагале државна матура).

Од останатите 101 ученик од прва до трета година, во втора година стручно образование - шумарска струка, 4 ученици се упатени на поправен испит со 1 слаба, во трета година 1 ученик од електротехничката струка е упатен на поправен испит по два наставни предмети. Што значи, 96 ученици ја завршиле годината на крајот на наставната година, додека 5 ученици се упатени на поправен испит. Тие ученици ги положија поправните испити во јунскиот испитен рок. (прилог- статистички Преглед).

## 2. НАСТАВА

### 2.1 Организација на наставата

Наставата и другите форми на воспитнообразовна работа во учебната 2023/24 година се реализираа врз основа на Законот за средно образование, Годишните планови и програми пропишани од Бирото за развој на образование и Министерството за образование и наука и Календарот за организација на работата на јавните средни училишта во учебната 2023/24 година. Учебната година почна на 1 Септември 2023 година. Зимскиот одмор започна на 30 декември 2023 година и заврши на 21 јануари 2024 година. Второто полугодие започна на 22 јануари 2024 година и заврши на 10 јуни 2024 година. Во текот на второто полугодие се користеше и пролетен одмор, кој започна на 19 април и заврши на 6 мај 2024 г. Во текот на наставната година во јавните средни училишта во завршната година на образованието се остварија најмалку 163 наставни денови, а за сите останати години на образование се остварија најмалку 177 наставни денови.

Целокупната реализација на наставата е во согласност со распоредот на часови за учебната 2023/2024 година. Распоредите се истакнати на видно место во наставничката канцеларија.Часовите се реализираат во согласност со термините за времетраење од една смена, со еден голем одмор за учениците и вработените, и тоа во траење од 25 минути, после вториот час и еден пократок одмор од десет минути меѓу третиот и четвртиот час. Другите одмори се мали и траат по 5 минути. Почетокот на наставата во нашето училиште е од 7,40 часот наутро, а трае до 13,50 часот. **(Прилог: Распоред на времетраење на часовите и одморите на учениците).**

| | **Распоред на часови и одмори во текот на денот** | |
|---|---|---|
| | **Време на започнување** | **Време на завршување** |
| **1** | **07:40** | **08:25** |
| **Одмор: 5 минути** | | |
| **2** | **08:30** | **09:15** |
| **Одмор: 25 минути** | | |
| **3** | **09:40** | **10:25** |
| **Одмор: 10 минути** | | |
| **4** | **10:35** | **11:20** |
| **Одмор: 5 минути** | | |
| **5** | **11:25** | **12:10** |
| **Одмор: 5 минути** | | |
| **6** | **12:15** | **13:00** |
| **Одмор: 5 минути** | | |
| **7** | **13:05** | **13:50** |

### 2.2 Наставни планови

Наставните планирања за гимназиското и стручното образование на почетокот на учебната 2023/24 година беа предадени во електронска форма и се изготвуваа во согласност со законските одредби за реализација на воспитнообразовната дејност во средното образование, како и во согласност со сите други документи за реализација на наставата: Наставните програми, протоколите и упатствата за гимназиско и стручно образование, конципирани во три дела: задолжителни предмети, изборни предмети и проектни активности во гимназиското образование, односно содржини програмирани од училиштето, во стручното образование.

Задолжителните предмети се програмско јадро на гимназиското образование и се однесуваат на сите ученици. Со нив се обезбедува општообразовен стандард од знаења кој им овозможува на учениците општа наобразба и основа за високото образование. Секој ученик преку анкетен прашалник во гимназиското образование се определува за две проектни активности и за изборен предмет во втора година и пакет на предмети во трета година. Додека во стручното образование, во шумарската струка се избира еден изборен предмет во трета, со кој продолжуваат и во четврта година. Додека, во електротехничата струка учениците избраа еден наставен предмет од понудените анкетни прашалници со општообразовни и стручни предмети. Во трета година електротехничка струка учениците избраа како изборен предмет Автоматизирани системи, а во четврта година учениците имаа како изборен предмет физика. Во сите стручни паралелки беа реализирани и СПУ со два часа неделно кои беа во ставени во неделниот распоред на часови.

### 2.3 Изборни предмети

Во II година гимназиско образование, секој ученик имаше право на избор на еден предмет од листата на изборни предмети:

1. ИНФОРМАТИЧКА ТЕХНОЛОГИЈА
2. КЛАСИЧНИ ЈАЗИЦИ (СТАРОГРЧКИ, ЛАТИНСКИ)
3. ЕЛЕМЕНТАРНА АЛГЕБРА
4. ЕЛЕМЕНТАРНА АЛГЕБРА И ГЕОМЕТРИЈА
5. ГОВОРЕЊЕ И ПИШУВАЊЕ
6. ЕТИКА

Сите ученици од втора година гимназиско образование, се определија да учат Информатичка технологија.

Во III и IV година изборните предмети беа групирани во две изборни подрачја: општествено-хуманистичко Б и природно - математичко Б (Прилог - комбинации и изборни предмети во трета и четврта година гимназиско образование):

| Име на подрачје | Изборни предмети III година | Изборни предмети IV година |
|---|---|---|
| **Природно математичко Комбинација Б** | Географија<br>Програмски јазици<br>Латински јазик | Хемија<br>Биологија<br>Физика |
| **Општествено-хуманистичко Комбинација Б** | Педагогија<br>Етика<br>Социологија | Социологија<br>Историја<br>Филозофија<br>Психологија |

### 2.4 Проектни активности и содржини програмирани од училиштето (СПУ)

Изборот на проектни активности и СПУ, овозможува задоволување на индивидуалните интереси на учениците преку кои им се нудат можности да ја реализираат својата креативност и потенцијали. Во текот на учебната 2023/24 година, СПУ се реализираа според Насоките пропишани од ЦСОО и со соодветен фонд на часови, во сите четири години на стручно образование во шумарска струка и четирите години од електротехничката струка. Учениците имаат потпишано Изјави за согласност за реализација на ваквите активности. Истите стојат кај предметните наставници-реализатори на овие активности.

Во училиштето се реализираат и проектни активности, според претходно изработен распоред за реализација на истите, во следните области: ликовно-творечки активности, ПН-биологија, култура на здраво живеење, урбана култура, спортски активности. Во рамките на проектните активности учениците изработуваат проекти преку кои можат да ги задоволат своите индивидуални интереси и желби во одделни области.

Професорите кои имаат проектни активности и содржини програмирани од училиштето, доставуваат годишни планирања за нив во кои се вклучени сите фази на реализација, согласно програмите за одржување на проектните активности во гимназиско образование, како и СПУ во стручното образование. До почетокот на септември, учениците избраа проектна активност и се формираа групите. Проектните активности и СПУ, се реализираат по претходно определени термини и распоред за реализација на истите (Прилог - Проектни активности и СПУ и нивни реализатори).

| Р.б. | Проектна активност | Реализатори |
|---|---|---|
| **1.** | **Култура на здраво живеење** | Валентина Ѓорѓиовска |
| **2.** | **ПН Биологија** | Валентина Ѓорѓиовска |
| **3.** | **Ликовно-творечки проектни активности** | Дијана Колонџовска |
| **4.** | **Урбана култура** | Ќире Ристевски |
| **5.** | **Спортски активности** | Виктор Митревски |
| **6.** | Содржини програмирани од училиштето | Валентина Ѓорѓиовска |
| **7.** | Содржини програмирани од училиштето | Ќире Ристевски |
| **8.** | Содржини програмирани од училиштето | Дијана Талева |

Во согласност со педагошките потреби за квалитетно реализирање на наставата, беа изработени планирања на наставниците, вклучувајќи: глобални, тематски и оперативни планирања на наставниците за редовна, додатна и дополнителна настава, проектни активности и СПУ, критериуми за формирање на оценки по секој наставен предмет, годишно планирање за меѓуетничка интеграција во образованието, глобален план за еколошките содржини поврзани со наставната програма, план за работа со надарени и талентирани, планирање за деца со потешкотии во наставата и вонннаставни активности. За ученикот о ПОП кој треба да следи индивидуализирана настава беа изработени ИОП. За секој наставник во писмена форма се води протокол за следење на планирањата. Планирањата на програмите за работа на стручните активи се изработуваа и се презентираа на Наставнички совет од страна на претседателите на активите, а истите се составен дел на Годишната програма за работа на училиштето за учебната 2023/24 година.

Сите предметни наставници се поттикнуваа наставните часови да ги реализираат со примена на современи дидактичко-методски форми и техники на работа, да ги користат постојните нагледни средства со кои располага училиштето и да користат ИКТ во наставата.

Во текот на годината беа потпишани договори за реализација на практичната настава и вежбите во дуалните паралелки од стручното образование. Оваа учебна година дуално образование се реализира во паралелките од прва, втора и трета година од шумарската струка и прва година од електротехничката струка, или вкупно 37 ученици од шумарската струка и 21 ученик од електротехничката струка (вкупно 58 ученици) оваа година реализираа настава според планови и програми за дуално образование.

## 3. ДОПОЛНИТЕЛНА, ДОДАТНА И КОНСУЛТАТИВНА НАСТАВА

### 3.1 Дополнителна настава

Дополнителната настава се организира за ученици кои покажуваат континуирано слаби резултати во учењето, а особено ако имаат слаби резултати по одреден наставен предмет. Исто така, за оние ученици кои подолго време отсуствуваат од наставата по одреден наставен предмет и на барање на ученикот или неговиот родител (старател). Часовите од дополнителната настава не смеат и не треба да бидат идентични со секојдневната настава. Наставниците во дополнителната настава применуваат форма за оспособување на учениците за успешно и навремено совладување на одредена наставна содржина која претходно ја изоставиле и не ја совладале.

Ученикот кој е упатен на дополнителна настава, ја посетува согласно Распоредот за дополнителна настава. Тој е изработен на почетокот на учебната година, по предлог на предметните наставници. Ученикот за кој наставникот одредил задолжителна дополнителна настава, а не ги посетува часовите за дополнителна настава, добива неоправдан изостанок.

За упатување на ученикот на дополнителна настава, наставникот задолжително го известува класниот раководител. Наставниците во текот на годината ги преземаат следните активности за учениците кои ги упатуваат на дополнителна настава:

- Подготовка на секој наставник за дополнителна настава (свој план и програма);
- Детектирање на ученици на кои им е потребна дополнителна настава;
- Редовна соработка со ученици, родители, кл. раководители и психолошка служба;
- Организирање на дополнителна настава и консултации.

### 3.2 Додатна настава

Додатната настава е активност насочена за работа со надарени и талентирани ученици. Се организира за учениците кои постигнуваат значителни резултати по одделни наставни предмети. Наставниците по одделни наставни предмети се должни да им понудат додатна настава на учениците, а тие одлучуваат дали ќе ја посетуваат истата. На почетокот на годината беше изработен распоред за реализација на додатната настава.

Идентификацијата на надарените ученици покренува низа темелни постапки и

проблеми од чие решавање зависи во голема мера успехот на целокупната програма за работа со таквите деца. Основни компоненти на идентификација се следниве:

- видот и степенот на развиеноста на способностите кои треба да се идентификуваат;
- објективноста на методите за идентификацијата;
- носители на идентификацијата;
- Следење на идентификуваните ученици. Тука треба да се опфатат сите степени (облици) на надареност:

- високи општи интелектуални способности;
- високи творечки способности;
- високи специјални способности (математички, јазични, технички, специјални од струката);
- посебни таленти (музички, спортски, ликовни, литературни...).

*(прилог 1-работа со надарени ученици)*

### 3.3 Консултативна и подготвителна настава

Консултативна настава има во текот на целата учебна година за матурските и вонредните ученици, како и за учениците кои сакаат да постигнат подобри резултати. Подготвителната настава се спроведуваше во согласност со законската регулатива и потребите на учениците, особено во текот на првото полугодие, во рамките на подготовките за избор и изработка на проектните задачи во функција на полагање на државна матура, училишна матура и завршен испит. За реализација на овие Ч-Стручни активи во училиштето):

| | Актив | Членови |
|---|---|---|
| **1.** | Јазична група на предмети (македонски јазик и странски јазици) | **1. Ристевска Љубица-претседател**<br>- Маја Јошевска<br>- Весна Миновска<br>- Магдалена Кузмановска Панајотова<br>- Христина Мицевска<br>- Биљана Илиевска Ѓоргиевски |
| **2.** | Општествена група на предмети | **1. Ќире Ристевски - претстедател**<br>- Наталина Станојовска<br>- Васко Стојкоски<br>- Дијана Талева |

| | | |
|---|---|---|
| **3.** | Природно-математичка група на предмети | 1. **Ристевска Мирјана-претседател**<br>− Марина Јовановска<br>− Валентина Ѓорѓиовска<br>− Александра Стојчевска<br>− Јасмина Дамчевска<br>− Боро Ѓоревски<br>− Маја Дамчевска |
| **4.** | Уметничка група на предмети | 1. **Колонџовска Дијана- претседател**<br>− Хестон Карчевски<br>− Виктор Митревски<br>− Елена Саботковска |
| **5.** | Актив на професори во Шумарска струка | 1. **Михајло Михајлоски- претседател**<br>− Ристо Гулевски<br>− Зоран Кокиновски<br>− Лилјана Мартиновска |
| **6.** | Актив на професори во електротехничка струка | 1. **Наташа М. Најдовска- претседател**<br>− Гордана Р. Кузмановска<br>− Теодора Лозановска |

## 4. ВОННАСТАВНИ АКТИВНОСТИ

Вонаставните активности се реализираа со цел да се надополни профилот на личноста на ученикот. Исто така, овие активности беа одлична можност учениците да откријат некои интереси и потенцијали за кои можеби и не се свесни дека ги поседуваат, а целта е максимално да ги искористат во текот на животот. Придобивките од вонаставните активности беа во прилог на:

1. Учење со цел, мотивираност и желба, без оптовареност од оценување.
2. Дружење на учениците и меѓусебна соработка.
3. Проширување на знаењата.
4. Стекнување на животни и комуникациски вештини.

Во оваа област спаѓаа и сите настани што ги организира училиштето во соработка со локалната самоуправа и други институции од окружувањето, групирани според следниве програмски цели:

- унапредување на безбедноста во училиштето и спречување на училишното насилство;
- унапредување на здравјето на учениците и животната средина;
- истражување и промоција на ученичките права, слободи и различности.

*(прилог 2-воннаставни активности)*

### 4.1 Ученички екскурзии

Во почетокот на учебната 2032/24 година, во Годишната програма за работа на училиштето се планирани и екскурзии. Екскурзиите се однесуваат за учениците од прва, втора, трета и четврта година, гимназиско и стручно образование. За овие екскурзии се изготвени програми со теми и содржини од наставните предмети, проектните активности и СПУ.

Во месец септември, поточно на 7 септември 2023 година реализирана е еднодневна, научно-наставна и спортско-рекреативна, екскурзија со учениците од прва до четврта година во манастирот Св. Петар и Павле во с. Смилево. Тоа е според програмата еднодневна есенска екскурзија, а реализирана беше и еднодневна пролетна екскурзија на 6 јуни 2024 г., со посета на манастирот Источен Петок во Добромирово, с. Слепче.

Исто така, оваа учебна година беше организирана и завршна екскурзија со учениците од трета година, која опфаќаше посета на Италија.

*(прилог 3- Екскурзии).*

### 4.2 Натпревари

Во учебната 2023/2024 година, училиштето учествуваше на општински, регионални и државни натпревари. Во зависност од условите и покажаниот интерес на учениците, училиштето организира и интерни натпревари, со цел да се поттикне натпреварувачки дух и да се развијат интелектуалните капацитети, креативните потенцијали на учениците и физичката култура.

Учеството на регионалните и државни натпревари зависи од начинот и условите кои ќе бидат пропишани од организаторите на овие активности. Училиштето, во согласност со финансиските и материјалните можности, ги поддржува натпреварувачите за постигнување поголеми успеси.

*(прилог 4-натпревари)*

# 5. ПРОЕКТИ

## 5.1 ЕКО активности (имплементација на еколошката едукација во македонскиот воспитно-образовен систем и проект за мултиетничко интегрирано образование)

Цели:

1. Рационална употреба на енергијата;
2. Рационална употреба на водата;
3. Намалување на отпадот;
4. Чиста средина за живеење и учење;
5. Промена на навиките;
6. Финансиска заштеда на училиштето;
7. Подобрување на соработката помеѓу училиштето, родителите, локалната заедница,бизнис секторот и медиумите.
8. Дружење со други училишта, ученици наставници.

Задачи:

- Да ги вклучи учениците во активна и одговорна улога;
- Да креира активности (проекти) што ќе доведат до подобрување на состојбата;
- Да организира настани по повод одбележување на еколошките денови за подигање на јавната свест;
- Да изработи материјали за едукативни кампањи за училиштето (налепници,флаери);
- Да го промовира изведувањето на проектите во локалната средина;
- Да изработи еко кодекс.

Очекувани резултати:

- Зголемување на личната одговорност;
- Подигање на еколошката свест;
- Зачувување на животната средина;
- Сознанија за моменталната состојба во училиштето;
- Континуирано следење на промените на состојбата со отпадот, енергијата, водата;
- Рационална употреба на енергија и вода;
- Намалување на отпадот;

- Промовирање на грижливо однесување кон животната средина;
- Подршка од страна на заедницата.

Како одговорни професори за ваквите активности се професорките од ЕКО-одборот: **Дијана Колонџовска и Елена Саботковска.**

### 5.2 Проект YOU(th) are ALLRIGHT!,

Успешно спроведени активности при реализација на Service Learning иницијатива од страна на учениците од шумарската струка под менторство на професорката **Јасмина Дамчевска** .

### 5.3 Проект за Мултиетничка Интеграција во Образованието – МИО ПЛАНИРАЊЕ

Секое училиште креира своја политика за промовирање на меѓуетничката интеграција во образованието и планира активности според карактеристиките на самото училиште. Училиштето планира, организира и реализира заеднички активности со сите ученици.

Нашето училиште е современа образовна установа, отворена за потребите на младите, во училиштето се промовира меѓуетничката соработка,се почитуваат разликите и високо се вреднува солидарноста, а учениците се подготвуваат за живот во мултиетничко општество.

Во училиштето се создаваат современи воспитнообразовни еднакви услови за сите, се негува националниот и културниот идентитет, а истовремено се почитуваат различностите и се промовираат вредностите на меѓуетничката интеграција.

Во учебната 2023/2024 година продолжи реализацијата на проектот за меѓуетничка интеграција во образованието (МИО), со цел да се согледа потребата за соработка меѓу учениците, училиштата и локалната заедница со различен етнички состав, потребата за заедничко планирање, организирање и реализација на училишните активности, односно редовната настава, воннаставните активности и целокупната училишна атмосфера и окружување. На почетокот на годината, има планирање и за ПМИО, а планираните содржини се имплементираат во корелација со содржините од наставните предмети. Координатор на ваквите активности е проф. Маја Јошевска, а активностите се реализираат во соработка со СОУ„Дрита“ од Кичево.

Цели на тимот поврзани со реализација на МИО активностите во учебната 2023/2024 год.:

- Подготовување на акционен план за интегрирање на ПМИО во годишниите планови на училиштето;

- Координирање,организирање и следење на спроведувањето на планираните МИО активности во училиштето;
- Координирање на активности меѓу училиштата што соработуваат меѓусебно и учество на средби за размена на искуства со други училишта;
- Иницирање активности за вклучување на родителите во МИО активностите и координација на нивната реализација;
- Обезбедување на комуникација и соработка со релевантни чинители во општината, БРО и МОН.

СИТ при СОУ„Крсте П.Мисирков“:

- Маја Јошевска
- Наталина Станојовска
- Христина Мицевска

*(прилог 5-проекти)*

## 6. УЧЕНИЧКИ ОРГАНИЗАЦИИ

На почеток на учебната 2023/24 година, секој клас одржа состанок на кој беше конституирана ученичка заедница, составена од Претседател, записничар и членови. Училишната заедница ја сочинуваа ученици - претседатели на класни заедници од секој клас. Од сите претставници, после се избра еден претседател на Училишната заедница, на ниво на целото училиште, Леонид Наловски.

Цел на работата на Училишната заедница беше учество на избраните ученици во воспитно-образовната работа во училиштето и разгледување на значајни прашања важни за работата на училиштето, развивање на правата на учениците, слободата и сигурноста во воспитно-образовниот процес, како и поттикнување на сите форми на креативност и изразување на учениците и целосно почитување на куќниот ред на училиштето.

Во координација со одговорниот наставник, психологот и директорот, училишната заедница се вклучуваше во активности во училиштето и во секојдневната воспитнообразовна работа (работа за подобрување на психо-социјалната клима, зајакнување на позитивните работи во училиштето, организирање и учество во хуманитарни проекти, давање помош на учениците кои имаат потешкотии во учењето). За координација на овие активности е задолжен професорот Васко Стојкоски.

*(прилог 6-училишна заедница)*

## 7. ГРИЖА ЗА ЗДРАВЈЕТО НА УЧЕНИЦИТЕ И КУЛТУРАТА НА ЖИВЕЕЊЕ

Училиштето секоја година, па и оваа учебна година изработи Програма за здравствено-социјалната заштита на учениците. Програмата ги опфаќа најважните подрачја од кои зависи бараниот квалитет: работата со учениците, работата со родителите (старателите) и соработката со локалната средина.

Заштитата и унапредувањето на здравјето на учениците се остварува и преку редовни систематски прегледи за прва и четврта година, организирање превентивни мерки, спортски активности, грижа за хигиенските услови за живот и работа во училиштето. Носители на програмата за здравствена заштита се сите вработени во училиштето, а одговорни за реализацијата на оваа програма се менаџерскиот тим, сите наставници и класните раководители, во соработка со надворешни предавачи, едукатори и консултанти. Целта е да се промовираат и унапредуваат сите форми на здрав животен стил, во соработка со здравствените институции. Најважна во овој дел е соработката со Здравствениот дом од Демир Хисар, Црвениот крст од Демир Хисар и Центарот за јавно здравје од Битола. Преку Центарот за јавно здравје од Битола, често се следат предавања на материјали кои по електронски пат се испратени до училиштето, претежно за заштита на учениците од полови болести, болестите на зависност и сл. Учениците ги следат овие предавања, заедно со нивните класни раководители.

Нашето училиште сериозно го сфаќа малтретирањето и навремено презема мерки за спречување на истото. Целата на училиштето е да им посочи на учениците, локалната средина, родителите и старателите на учениците, дека пријавувањето на малтретирање е од голема важност и училишната заедница целосно ќе ги поддржи, во случај на можно малтретирање.

## 8. СОРАБОТКА СО ОО НА ЦРВЕН КРСТ

Подмладокот на Црвениот Крст има своја важност и задачи. ОО на Црвен крст Демир Хисар како здраствена, социјална и воспитна организација треба да придонесе за следното:

- да го подигне нивото на здравствена култура и да ги оспособува младинците да внимаваат на своето здравје и околина и да ги унапредуваат;

- развивање смисла за меѓусебна помош, солидарност, развивање меѓународно пријателство и разбирање меѓу луѓето на национален и интернационален план, без оглед на национална и расна припадност што треба да придонесе за зачувување на мирот во светот;
- да ги запознава учениците со задачите на Црвениот Крст за ублажување на последиците од вооружените воени судири и елементарни непогоди и да ги оспособува и тие да земат активно учество во реализацијата на такви акции и програми. Во прилог на ваквата соработка е и реализацијата на ПХВ проектот во нашето училиште.

*(прилог бр. 7)*

# 9. УПРАВНИ, РАКОВОДНИ И СТРУЧНИ ОРГАНИ И ТЕЛА

## 9.1 Управни органи и тела

Училишниот одбор е орган на управување во училиштето. Тој брои дванаесет члена: тројца претставници од основачот, тројца претставници од родителите на учениците, еден член од Министерството за образование и наука, еден член од Стопанска комора и четири претставници од наставниците. Училишниот одбор на училиштето:

- го донесува Статутот;
- ја донесува Годишната програма за работа и го усвојува извештајот за работа;
- распишува јавен оглас за именување на директор;
- предлага годишен финансиски план до Министерството, предлага завршна сметка;
- дава мислење во врска со приговор на наставник и стручен соработник за оценката на нивната работа;
- дава мислење за именување и разрешување на директорот;
- ја разгледува реализацијата на Годишната програма за работа;
- разгледува и други прашања утврдени со Статутот на училиштето

Членовите на Училишниот одбор кои се составен дел и на Годишната програма за работа на училиштето, за учебната 2023/24 година во СОУ„Крсте П. Мисирков“, се следните:

| Име и презиме | Претставник од | Организација во која работи |
|---|---|---|
| Весна Миновска | Наставници | СОУ„Крсте П. Мисирков“ Демир Хисар |
| Христина Мицевска | Наставници | СОУ„Крсте П. Мисирков“ Демир Хисар |
| Марина Јовановска | Наставници | СОУ„Крсте П. Мисирков“ Демир Хисар |
| Зоран Кокиновски | наставници | СОУ„Крсте П. Мисирков“ Демир Хисар |
| Горан Шундовски | Локална самоуправа | |
| Маја Велеска | Локална самоуправа | |
| Јасмина Перчаковска Василеска | Локална самоуправа | |
| Добре Стојковски | МОН | |
| Васко Ѓорѓиевски | Родители | |
| Игор Шулевски | Родители | |
| Моника Кузмановска | Родители | |
| Југослав Зинговски | Стопанска комора | |

**Раководни органи и тела во училиштето**

Директорот **Маја Лозановска**, како раководен орган на училиштето е одговорна за законитоста во работењето на училиштето, ја организира и ја раководи воспитнообразовната работа, донесува одлуки и го застапува училиштето пред други лица или институции. Директорот има важна улога во креирањето и реализирањето на воспитно-образовните задачи и развојната политика на училиштето.

Директорот ги има следните права, должности и обврски во текот на своето работење:

- ја предлага Годишната програма за работа на училиштето и презема мерки за нејзино спроведување;
- ги извршува одлуките на Училишниот одбор;
- врши избор на наставници и стручни соработници;
- одлучува за распоредување на наставници, стручни соработници и работници;
- врши оценување во согласност со резултатите од работата на наставниците,стручните соработници и работниците;

- одлучува за престанок на работниот однос на вработените;
- поднесува извештај за успехот и постигнатите резултати во воспитно-образовната работа до Педагошкиот завод на Македонија;
- поднесува извештај за реализација на Годишната програма до Министерствотоза образование;
- поднесува извештај за материјалното работење на училиштето до Училишниот одбор и др.

Во програмата за работа на директорот, се содржани неколку главни подрачја вокои се реализира неговата работа:

- Педагошко-инструктивната работа;
- Административно-организаторските активности;
- Аналитичко-истражувачката работа;
- Финансиското работење;
- Соработката и застапувањето на училиштето;
- Работата на педагошката документација и администрација;
- Работата со ученичките организации ( училишна заедница )

### 9.2 Стручни органи и тела

Стручни органи и тела кои функционираат во училиштето, се:

- наставнички совет кој го сочинуваат наставниците и стручните соработници-психолог и библиотекар;
- советот на годината, односно советот на струките кој го сочинуваат наставниците кои изведуваат настава во таа година и стручните соработници;
- совет на паралелката - сите наставници кои предаваат во паралелката и раководителот на паралелка и
- стручни активи на наставници по одредени стручни области.

**Наставнички совет** - Наставничкиот совет го сочинуваа наставниците, стручниот соработник во училиштето-психолог и библиотекар. Истиот дава мислење по предлог-Годишната програма за работа и го следи нејзиното извршување, го разгледува и утврдува успехот на учениците и работата на другите стручни органи и тела, им изрекува педагошки мерки на учениците, формира стручни активи, комисии, испитни одбори, запишување на ученици во I година, разгледува молби и приговори од

ученици и родители. Наставничкиот совет во учебната 2023/24 година брои директор, 27 наставници, стручен соработник (психолог) - Наталина Станојовска, библиотекар - Виктор Митревски, Весна Миновска-одговорен за настава.

| *Ред. бр.* | *Работно Место* | *Работен однос* | *ВСС VII* | *Вишо образ.* | *4 год. средно образ.* | *Магистер* | *Доктор на науки* |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Директор | Мандат | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 2. | Психолог | Непределено | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 |
| 3. | Секретар | Непределено | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 4. | Библиотекар | Неопределено | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 |
| 5. | Професор | Неопределено | 14 | 0 | 0 | 3 | 0 |
| 6. | Професор | Определено | 13 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 7. | Хигиеничар | Неопределено | 0 | 0 | 4 | 0 | 0 |
| 8. | Ложач | Неопределено | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 |
| 9. | Хаусмајстор | Неопределено | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 |
| 10. | Чувар | Неопределено | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 |
| | **Вкупно** | | **30** | **0** | **7** | **3** | **2** |

**Совет на година** - го сочинуваат наставници кои изведуваат настава во годината и стручните соработници. Советот на годината ја организира наставата и се грижи за нејзиното усовршување. Го разгледува успехот на ниво на година, соработува со Советот на родителите за решавање на прашања поврзани со успехот и поведението на учениците.

**Советот на паралелката** - го сочинуваат наставници кои изведуваат настава во паралелката и стручните соработници. Тие непосредно ја организираат и спроведуваат воспитнообразовната работа и се грижат за нејзиното усовршување, како и за непречено одвивање на наставата.

### 9.3 Совет на родители

Во училиштето функционира Совет на родители кој го сочинуваат претставници на родителите од секој клас кои не се вработени во училиштето. Советот на родителите ја следи воспитнообразовната работа и дава мислење за нејзино остварување, ги пренесува заклучоците и предлозите од родителските средби, работи според утврдена програма за работа. Работата, бројот на членовите, начинот на избор и организацијата на работата на Советот на родители, се утврдени со Статутот на училиштето. Советот на родители работи по своја Програма и Деловник за работа, а записничар е лице кое е од редот на членовите на советот.

| Прва година | Втора година | Трета година | Четврта година |
|---|---|---|---|
| **Каролина Дамјановски** | **Златко Јаневски** | **Васко Ѓорѓиевски** | **Моника Кузмановска** |
| **Зоран Стевановски** | **Јованчо Стојановски** | **Игор Шулевски** | **Тони Петровски** |

## 10. СТРУЧЕН СОРАБОТНИК-УЧИЛИШЕН ПСИХОЛОГ

Стручниот соработник работи на основа на Програма, во согласност со Законот за средно образование, основите за планирање на содржината и организацијата на воспитно-образовната дејност, стандардите за оценување на учениците, Програмата за развој на училиштето и на основа на целокупните социјално-културни услови во кои работи училиштето. Стручен соработник во училиштето е **Наталина Станојовска-психолог.**

Една од задачите на стручниот соработник е посветена токму на педагошката психологија или наставната технологија, односно следење на работата на наставниот кадар и организирање, помагање и стимулирање за перманентно професионално усовршување на истиот.

Тие задачи од работата на училишниот психолог спаѓаат во делот на инструкционо водство, а негови главни особености се усовршување на наставните вештини, подобрување на организациската структура, како и вклучување на родителите и локалната самоуправа во партнерство со училиштето. Исто така психологот го следи когнитивниот, емотивниот и социјалниот развој на учениците.

### 10.1 Советување на родителите

Родителот односно старателот се упатува на советување ако:

- ученикот во текот на наставната година има негативна оценка по три или повеќепредмети;
- ученикот има направено повеќе од 10 неоправдани или 100 оправдани изостаноци;
- ученикот е недисциплиниран;
- ученикот го навреди наставникот;
- ученикот учествува во тепачки или други форми на насилство;

- ученикот покажува асоцијално или антисоцијално однесување;
- ученикот се однесува неморално или неетички;
- во краток период на ученикот значително му опадне успехот.

Класниот раководител повикува на советување родители, со покана упатена преку телефон или електронски. Во случај на упатување покана за асоцијално или антисоцијално однесување, се бара стручно мислење и од Центарот за социјални работи во Демир Хисар.

### 10.2 Соработка и вклучување на родителите

Родителите се најважните соработници во заложбата за намалување на насилството во училиштата. Затоа сите сме насочени кон воспоставување, одржување и подобрување на соработката со родителите. Родителите редовно се информираат за сите активности и процеси кои се реализираат во училиштето, се бара нивното мислење и учество.

Пристапот кон родителите е пристап како кон соработници и насочен кон разрешување на проблемите со цел да се надмине заземањето страни и јазот помеѓу училиштето и родителите. Родителите се вклучени во процес на советување за да се овозможи напредување на постигнувањата и однесувањето на ученикот.

Родителите исто така учествуваат во донесувањето одлуки за воспоставување на сите мерки на безбедност и планирањето на активностите за превенција односно во изработката на акционите планови на училиштето.

## 11. УЧИЛИШНА БИБЛИОТЕКА

Училишната библиотека е сместена во училишната зграда на првиот кат. Библиотекар е лицето **Виктор Митревски**, а оваа година беше ангажирана и проф. Мирјана Ристевска

Библиотеката располага со вкупен книжен фонд од околу 12. 500 наслови на книги, од кои дел се лектирни изданија потребни за наставниот процес, а дел стручна литература. Библиотеката собира, стручно обработува и дава на користење библиотечен материјал потребен за учениците и наставниот кадар.

## 12. УЧИЛИШЕН СИСТЕМ ЗА СЛЕДЕЊЕ И ВРЕДНУВАЊЕ

Во текот на учебната 2023/24 година наставниците ги вреднуваа постигнатите резултати на учениците преку оценување во два класификациони периоди. Оценката на ученикот е резултат од неговото постојано и континуирано следење и вреднување. Во текот на работата се користат различни форми и инструменти со кои може да се дојде до оптимална реална оценка, како што се разни видови тестови, писмени вежби, писмени работи и др. Оценувањето се врши на основа на усни одговори, писмени работи и проектни активности во кои се вклучуваат современите техники на интерактивно оценување, вежби, истражувања и др.

Се врши формативно и сумативно оценување.

За следење на **педагошката евиденција и документација, следење на континуитетот во оценувањето и регистрирање пропусти во евиденцијата и документацијата,** формирана е Комисија во состав:

1. Весна Миновска - одговорен за настава
2. Христина Мицевска – наставник
3. Марина Јовановска – наставник
4. Гордана Р. Кузмановска - наставник
5. Станојовска Наталина-стручен соработник

Во проверката на евиденцијата вклучен е и директорот на училиштето.

Комисијата врши увид во педагошката евиденција и документација, а има задача да води и Записник од извршениот увид на педагошката евиденција и документација во училиштето. Таквиот записник се истакнува на видно место во наставничката канцеларија.

Со цел да се одговори на една од стратешките цели на училиштето - квалитетна, добро планирана и современ настава, во учебната 2023/24 година, училиштето односно директорот и стручниот соработник, се вклучени во посета на часови, самоиницијативно или по покана на предметен наставник. На тој начин, целосно се следат наставниците како ја реализираат наставата.

## Поправни, вонредни, матурски, класни и диференцијални испити

Учениците од завршните години од гимназиско и стручно образование, оваа учебна година полагаа државна матура согласно Концепција за полагање на матура и измените од оваа учебна година.

Покрај поправните и матурските испити, во учебната 2023/24 година, во училиштето се реализираа и вонредни испити, за кандидатите кои своето образование не го реализираат како редовни ученици. Задолжена за водење евиденција и документација за вонредните ученици е проф. Гордана Р. Кузмановска.

**Класните испити** се организираат и се полагаат во случаи утврдени со Законот за средно образование. **Диференцијални испити** се изведуваат за учениците кои доаѓаат од други училишта и треба да полагаат предмети кои во претходното училиште не ги изучувале.

**За утврдување на испити кои вонредните кандидати треба да ги полагаат и изготвување на Записници за истите, од страна на директорот е определена Комисија во следниот состав:**

- **Комисија за гимназиско образование и стручно образование: шумарски техничар**

1. Весна Миновска
2. Јасмина Дамчевска
3. Наталина Станојовска

- **Комисија за стручно образование: електротехничар за КТА:**

1. Гордана Р. Кузмановска
2. Наташа М. Најдовска
3. Теодора Лозановска

*(прилог 8-матурски испити)*

# 13. СОРАБОТКА НА УЧИЛИШТЕТО СО ДРУГИ ИНСТИТУЦИИ

## 13.1 Соработка со семејството

Соработката со родителите во учебната 2023/24 година се реализира преку планирани и организирани форми:

- Родителски средби, кои се реализираа најмалку 2 пати во текот полугодието, редовни за успехот и по одреден повод (ситуација). На овие средби родителите даваа предлози и мислења за подобрување на општата состојба, кои се проследуваат до Советот на родители и до Наставничкиот совет.
- Индивидуални средби, по потреба, кога родителот може да стапи во контакт со раководителот или психологот, или да биде повикан по барање на некој предметен наставник за што психологот внесува податоци за причината на побараната средба (записник од сослушување во присуство на родител).

Соработката на училиштето со семејствата на учениците има приоритет во организираноста на работата на нашето училиште, што значи многу поголема комуникација на релација училиште - ученик, училиште - родител, психолошка служба со ученик и родител.

## 13.2 Соработка со локалната самоуправа и со други институции на системот

Во учебната 2023/24 година, во однос на размена на искуства од воспитнообразовната дејност, училиштето соработуваше со:

- Министерство за образование и наука на Р.С.Македонија
- Биро за развој на образованието
- Парламентарен институт при Собранието на РСМ
- ОО Црвен крст на Демир Хисар
- Завод за здравствена заштита од Битола
- Центар за јавно здравје од Битола

- Државен испитен центар
- Државен просветен инспекторат
- Еколошки ориентирани организации во улога на социјални партнери на училиштето и други организации и установи кои со својата дејност се од интерес за училиштето.

Наставниците од **шумарско-дрвопреработувачката струка**, реализираат свој посебен Курикулум за работа, кој е планиран само за оваа струка и претставува составен дел на Годишната програма за работа на училиштето. Дел од задачите од Курикулумот за работа на шумарската струка се реализираа ова полугодие во 4 паралелки од кои две се со дуално образование, а истите беа во прилог на:

- континуирано и навремено водење на педагошка евиденција и документација;
- континуирано водење на дневник за практична настава;
- информирање на родителите за случувањата и соработката во училиштето содруги институции кои се од релевантно значење за струката;
- одржување на индивидуални средби за ученици кои имаат потешкотии при совладувањето на училишните обврски;
- учество во воннаставни активности.

*(прилог бр.9-Извештај)*

Исто така, и наставниците од **електротехничката струка**, си реализираа свои програми. Сите планирани активности се во функција на стекнување на нови знаења, вештини и способности, вредности и ставови потребни за живот и работа во општествените брзи промени и силни конкуренции, при што покрај стручните способности потребно е да се развиваат и способностите за решавање на проблеми, креативноста, творечките способности, критичкото мислење, вештините на електронско комуницрање и др. Реализацијата на активностите планирани во Курикулумот на електротехничката струка, подразбира поддршка од страна на родителите, како и квалитетна соработка и поддршка од сите фактори значајни за наставниот процес. Соработката со РЕК Битола и фирмите од Скопје, како што се ЕКО ДЕТЕКТ и ЛОГИНГ, продолжува и оваа година и помага во реализацијата на ваквите активности.

*(прилог бр.10-Извештај)*

# СТАТИСТИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ
# ЗА
# УСПЕХОТ И РЕДОВНОСТА НА УЧЕНИЦИТЕ
# ВО УЧЕБНАТА 2023/24 ГОДИНА

Во однос на упехот и дисциплината на учениците, во **прва година** во оваа година, ги имаме следните податоци (среден успех, вкупен број изостаноци и просечен број на изостаноци по ученик):

| клас | успех | Изост. | просек | |
|---|---|---|---|---|
| I-1 | 4.38 | 98 | 12 | |
| I-2 | 3.86 | 607 | 29 | |
| I-3 | 3.26 | 106 | 13 | |
| **прва** | **3.84** | **811** | **22** | |
| успех | I-1 | I-2 | I-3 | Вкупно |
| **Одл.** | 3 | 4 | 0 | 7 |
| **мн.д.** | 5 | 13 | 2 | 20 |
| **Доб.** | 0 | 4 | 6 | 10 |
| **Дов.** | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **без слаби** | 8 | 21 | 8 | 37 |
| **со слаби** | **0** | **0** | **0** | **0** |

Со позитивен успех се сите 37 ученици во прва година. Во однос на поведението, сите 37 ученици се со примерно поведение.

Што се однесува до **втора година**, по паралелки успехот и поведението се следните:

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| II-1 | 4.01 | 302 | 34 | |
| II-2 | 4.45 | 256 | 51 | |
| II-3 | 2.58 | 1498 | 107 | |
| **втора** | **3.37** | **2056** | **73** | |
| **успех** | **II-1** | **II-2** | **II-3** | |
| **Одл.** | 2 | 2 | 1 | 5 |
| **мн.д.** | 7 | 3 | 0 | 10 |
| **Доб.** | 0 | 0 | 4 | 4 |
| **Дов.** | 0 | 0 | 5 | 5 |
| **без слаби** | **9** | **5** | **10** | **24** |
| **со слаби** | **0** | **0** | **4** | **4** |

Со позитивен успех се 24 ученици во втора година, а 4 се со слаби. Во однос на поведението 17 се со примерно поведение, 8 се со добро, а 3 со незадоволително поведение.

Што се однесува до трета година гимназиско и стручно образование, успехот и дисциплината се следни:

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| III-1 | 5.00 | 10 | 3 | |
| III-2 | 3.78 | 874 | 49 | |
| III-3 | 3.03 | 458 | 31 | |
| **трета** | **3.57** | **1342** | **37** | |
| Успех | III-1 | III-2 | III-3 | Вкупно |
| одл | 3 | 8 | 1 | 12 |
| мн.д | 0 | 3 | 4 | 7 |
| доб | 0 | 3 | 5 | 8 |
| дов | 0 | 3 | 5 | 8 |
| **без слаби** | **3** | **17** | **15** | **35** |
| **со слаби** | **0** | **1** | **0** | **1** |

Во трета година 35 ученици се со позитивен успех, еден ученик е упатен на поправен испит по два предмети. Во однос на поведението 31 се со примерно, 4 со добро и еден ученик со незадоволително поведение.

Во четврта година постигнат е следниот успех:

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| IV-1 | 4.32 | 213 | 53 | |
| IV-2 | 4.29 | 638 | 40 | |
| IV-3 | 3.23 | 177 | 44 | |
| **четврта** | **4.12** | **1028** | **43** | |
| Успех | IV-1 | IV-2 | IV-3 | Вкупно |
| одл | 2 | 5 | 0 | 7 |
| мн.д | 2 | 11 | 2 | 15 |
| доб | 0 | 0 | 2 | 2 |
| дов | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **без слаби** | **4** | **16** | **4** | **24** |
| **со слаби** | **0** | **0** | **0** | **0** |

Во четврта година, сите ученици ја завршиле годината во јуни. Од 24 ученици 23 се со примерно, а еден е со добро поведение.

Со примерно поведение на ниво на училиште има 108, со добро се 13 ученици, со незадоволително се 4. Споредбено во однос на минатата учебна година, добиени се следните податоци:

| Година | Успех 2022-23 | Успех 2023-24 |
|---|---|---|
| прва | 3.47 | |
| втора | 3.63 | 3.37 |
| трета | 3.95 | 3.57 |
| четврта | | 4.12 |
| Учил. | 3.75 | 3.71 |

Имаме пад на успехот во однос на претходната година од 3.75 на 3.71. Во однос на бројот на изостаноци, во минатата учебна година сме имале вкупно 3238 изостаноци или 28 просек по ученик, додека оваа има вкупно 5237 или 42 изостаноци просек по ученик.

Се забележува мал пад на успехот на ниво на училиште, но позагрижувачки е драстичното зголемување на бројот на изостаноци. **Приоритетна цел е подобрување на редовноста во наредната учебна година.**

**Средно општинско училиште „Крсте Петков Мисирков„ Место Демир Хисар**

**ПРЕГЛЕД**
**на број на ученици и паралелки по струки и гимназиски насоки во во учебната 2023/24 година**

**Настава на македонски јазик**

| Ред. бр. | СТРУКА Гимназиска насока | I – Година | | | | II - Година | | | | III –Година | | | | IV- Год. | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | со 3-год. образов. | | со 4-год. образов. | | со 3-год. образов. | | со 4-год. образов. | | со 3-год. образов. | | со 4-год. образов. | | | |
| | | П | Учен. | П. | Учен. | П | Учен. | П | Учен. | П | Учен. | П | Учен. | П | Учен. |
| 1. | Гимназиска Насока | | | 1 | 8 | | | 1 | 9 | | | 1 | 3 | 1 | 4 |
| 2. | Шумарско-дрвопр.стр. | | | 1 | 8 | | | 1 | 14 | | | 1 | 15 | 1 | 4 |
| 3. | Електротехничка струка | | | 1 | 21 | | | 1 | 5 | | | 1 | 18 | 1 | 16 |
| **Вк.** | **125** | | | **3** | **37** | | | **3** | **28** | | | **3** | **36** | **3** | **24** |

**ПРЕГЛЕД**
**на општиот успех на учениците во учебната 2023/24 година**

**Гимназиска насока**
**Настава на македонски јазик**

| Година на Образование | Вкупно запиш. | Постигнат успех | | | | Вкуп. со позит. | Вкуп. со сл. | Сред. упех |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Одлич. | М. Доб. | Доб. | Дов. | | | |
| I-Год. со 3-год. обр. | | | | | | | | |
| I-Год. со 4-год. обр. | 8 | 3 | 5 | 0 | 0 | 8 | 0 | 4.38 |
| II-Год. со 3-год. обр. | | | | | | | | |
| II-Год. со 4-год. обр. | 9 | 2 | 7 | 0 | 0 | 9 | 0 | 4.01 |
| III-Год. со 3-год. обр. | | | | | | | | |
| III-Год. со 4-год. обр. | 3 | 3 | 0 | 0 | 0 | 3 | 0 | 5.00 |
| IV-Година | 4 | 2 | 2 | 0 | 0 | 4 | 0 | 4.32 |
| **Вкупно** | **24** | **10** | **14** | **0** | **0** | **24** | **0** | **4.43** |

**П Р Е Г Л Е Д**
**на општиот успех на учениците во учебната 2023/24 година**

**Шумарско-дрвопреработувачка струка**
**Настава на македонски јазик**

| Година на образован. | Вкупно запиш. | Постигнат успех | | | | Вкуп. со позит. | Вкуп. со сл. | Сред. успех |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Одлич. | М. Доб. | Доб. | Дов. | | | |
| I-Год. со 3-год. обр. | | | | | | | | |
| I-Год. со 4-год. обр. | 8 | 0 | 2 | 6 | 0 | 8 | 0 | 3.26 |
| II-Год. со 3-год. обр. | | | | | | | | |
| II-Год. со 4-год. обр. | 14 | 1 | 0 | 4 | 5 | 10 | 4 | 2.58 |
| III-Год. со 3-год. обр. | | | | | | | | |
| III-Год. со 4-год. обр. | 15 | 1 | 4 | 5 | 5 | 15 | 0 | 3.03 |
| IV-Година | 4 | 0 | 2 | 2 | 0 | 4 | 0 | 3.23 |
| **Вкупно** | **41** | **2** | **8** | **17** | **10** | **37** | **4** | **3.03** |

**П Р Е Г Л Е Д**
**на општиот успех на учениците во учебната 2023/24 година**

**Електротехничка струка**
**Настава на македонски јазик**

| Година на образован. | Вкупно запиш. | Постигнат успех | | | | Вкуп. со позит. | Вкуп. со сл. | Сред. успех |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Одлич. | М. Доб. | Доб. | Дов. | | | |
| I-Год. со 3-год. обр. | 21 | 4 | 13 | 4 | 0 | 21 | 0 | 3.86 |
| I-Год. со 4-год. обр. | | | | | | | | |
| II-Год. со 3-год. обр. | 5 | 2 | 3 | 0 | 0 | 5 | 0 | 4.45 |
| II-Год. со 4-год. обр. | | | | | | | | |
| III-Год. со 3-год. обр. | 18 | 8 | 3 | 3 | 3 | 17 | 1 | 3.78 |
| III-Год. со 4-год. обр. | | | | | | | | |
| IV-Година | 16 | 5 | 11 | 0 | 0 | 16 | 0 | 4.29 |
| **Вкупно** | **60** | **19** | **30** | **7** | **3** | **59** | **1** | **4.10** |

## ПРЕГЛЕД
## на вкупниот број на изостаноци на учениците во учебната 2023/24 година

**Настава на македонски јазик**

| Струка | Степен и година на образов. | Изостаноци | | |
|---|---|---|---|---|
| | | оправдани | неоправдани | Просек по ученик |
| Гимназиска Насока | I-год. со 3-год. обр. | | | |
| | I-год. со 4-год. обр. | 93 | 5 | 12 |
| | II-год. со 3-год. обр. | | | |
| | II-год. со 4-год. обр. | 251 | 51 | 34 |
| | III-год. со 3-год. обр. | | | |
| | III-год. со 4-год. обр. | 10 | 0 | 3 |
| | IV-година | 185 | 28 | 53 |
| ВКУПНО | | 539 | 84 | 26 |

**ПРЕГЛЕД**
**на вкупниот број на изостаноци на учениците во учебната 2023/24 година**

**Настава на македонски јазик**

| Струка | Степен и година на образов. | Изостаноци | | |
|---|---|---|---|---|
| | | оправдани | неоправдани | Просек по ученик |
| Шумарска струка | I-год. со 3-год. обр. | | | |
| | I-год. со 4-год. обр. | 94 | 12 | 13 |
| | II-год. со 3-год. обр. | | | |
| | II-год. со 4-год. обр. | 1309 | 189 | 107 |
| | III-год. со 3-год. обр. | | | |
| | III-год. со 4-год. обр. | 401 | 57 | 31 |
| | IV-година | 153 | 24 | 44 |
| ВКУПНО | | 1957 | 282 | 55 |

**ПРЕГЛЕД**
**на вкупниот број на изостаноци на учениците во учебната 2023/24 година**

**Настава на македонски јазик**

| Струка | Степен и година на образов. | Изостаноци | | |
|---|---|---|---|---|
| | | оправдани | неоправдани | Просек по ученик |
| Електротехничка струка | I-год. со 3-год. обр. | | | |
| | I-год. со 4-год. обр. | 544 | 63 | 29 |
| | II-год. со 3-год. обр. | | | |
| | II-год. со 4-год. обр. | 256 | 0 | 51 |
| | III-год. со 3-год. обр. | | | |
| | III-год. со 4-год. обр. | 730 | 144 | 49 |
| | IV-година | 578 | 60 | 40 |
| ВКУПНО | | 2108 | 267 | 40 |

## ДАТУМ НА ИЗРАБОТКА И НОСИТЕЛИ НА ИЗРАБОТКАТАНА ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ

**Датум на изработка и усвојување**

---

*26 Август, 2024 година*

**Носител**

Средно училиште „Крсте П. Мисирков“ Демир Хисар

**Одговорно лице**

Директор Маја Лозановска

**Работна група**

1. Станојовска Наталина
2. Мицевска Христина
3. Наташа Најдовска
4. Зоран Кокиновски

Директор,

Маја Лозановска